# Јазикот не е пречка за другарување



НАСТАВНИЦИ РЕАЛИЗАТОРИ: СИНОЛИЧКА САБОТКОВСКА И ЃУЛТЕН МАЛИК, ОУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"– С. ДОБРУШЕВО, ОПШТИНА МОГИЛА

**Одделение**
Четврто до деветто одделение (24 ученици – 12 МАК и 12 ТУР)
Македонски и турски јазик

**Воннаставна заедничка активност**
Драмска секција – пишување и изведување двојазичен драмски текст

**Преглед на активноста**
Учениците добиваат задача да напишат двојазичен драмски текст (на македонски и турски јазик) што ќе биде изведен пред поширока публика. Учениците заеднички одлучуваат темата на текстот да биде „Јазикот не е пречка за добро другарување". Учениците со поддршка на наставниците се обидуваат преку драмските дијалози да ги разбијат стереотипите и предрасудите за Македонците и Турците, да прикажат соживот, толеранција, пријателство и почитување меѓу припадниците на различните етникуми што учениците секојдневно го практикуваат. Инспирацијата за содржината на текстот учениците ја добиваат од нивните секојдневни животни ситуации. Откако драмскиот текст го доби својот финален изглед, доделени се улогите на ликови според афинитетите и специфичностите на секој од актерите. Учениците вклучуваат две музички точки во претставата, една на македонски и една на труски јазик, поддржани со кореографија и костимографија. Ученици од македонска етничка припадност учат куси реплики на турски јазик и обратно. Родителите од двата етникуми помагаат при костимографијата и сценографијата. По долготрајни вежби на сцена и по генералната проба, учениците ја изведуваат претставата пред широка публика на новогодишната приредба во с. Добрушево. Како резултат на оваа активност произлезе видеоснимка од целата претстава, а фотографиите беа изложени на ѕидот во училишниот ходник. Учениците го споделија своето задоволство од нивното авторско дело како успешен пример за меѓуетничко интегрирање во мултикултурно населено место и научија за културите и традициите на етничките групи, развија пријателство, почит, доверба, ги разбија стереотипите и предрасудите што ги имаа едни за други. Меѓуетничкото дружење го продолжија и надвор од училиштето, секојденевно попладневно дружење, заеднички прослави, родендени, верски празници, аматерски спортски натпревари и сл.



# Dil, arkadaşlığın engeli değildir

UYGULAYICI ÖĞRETMENLER: SİNOLİÇKA SABOTKOVSKA VE GÜLTEN MALİK, MOGİLA BELEDİYESİ DOBRUŞEVO KÖYÜ "BRAKA MİLADİNOVTSİ" İLKOKULU

**Sınıf**
Dördüncüden dokuzucu sınıfa kadar (24 öğrenci – 12 MAK ve 12 TÜRK)
Makedonca ve Türkçe

**Ders Dışı Ortak Faaliyet**
Dram Öğrenci Kolu – İki dilli dram yazısının yazılması ve uygulanması

**Faaliyete Bakış Açısı**
Daha geniş izleyici kitlesi önünde sergilenmek üzere öğrencilerden, iki dilli (Makedonca ve Türkçe) bir dramanın yazılması ödevi verilir. Öğrencilerin ortak kararıyla anılan drama konusunun "Dil, Arkadaşlığın Engeli Değildir" olmasından yanadırlar. Öğrenciler, öğretmenlerin de desteğini alarak, dram diyalogları sayesinde Makedonlar ve Türklere ilişkin önyargıları ve kalıplaşmış düşünceleri aşmayı hedefler. Bunların yanısıra birlikte yaşam örneklerini, toleranslı olmayı, dostluk bağlarını kurmayı ve öğrencilerin günlük hayatta sıkça karşılaştıkları farklı etnik gurup mensuplarına saygı duyulmasını göstermeyi arzularlar. Öğrencilerin günlük hayatta karşılaştıkları durumlar, yazı içeriğinin ilhamını oluşturur. Drama yazısının son haline ulaşmasıyla birlikte öğrenciler arasında kendi kişilik ve özelliklerine istinaden rol paylaşımı gerçekleştirilie. Bahse konu temsil çalışması çerçevesine öğrenciler, biri Makedonca diğeri de Türkçe olmak üzere, kostüm ve koreografi açısından da desteklenmekte olan iki müzik noktası eklemişlerdir. Makedon öğrenciler, Türkçe replikleri öğrenirken, diğer taraftan Türkler de Makedonca replikleri öğrenmeye gayret ederler. Her iki etnisiteye bağlı olan veliler ise kostimografi ve senografi konusunda kendi desteklerini esirgemezler. Sahnede yapılan uzun çaplı çalışmalar ve genel provanın ardından öğrenciler, çok sayıda izleyici önünde, Doruşevo köyünde yılbaşı programını sunar. İşbu faaliyetin ürünü olarak söz konusu temsil çalışmasının tamamının vidyo çekimi gerçekleştirilmiştir. Diğer taraftan temsil fotoğrafları ise, okul koridorlarına asılmıştır. Öğrenciler, tamamen kendi çabalarıyla ve memnuniyetleriyle sahneledikleri eseri, çok kültürlü yerleşim yeri sınırları içerisinde, etniklerarası entegrasyon konusunda başarılı bir örnek ortaya koymuşlardır. Bunu yaparken aynı zamanda etnik gurupların kültürlerini ve geleneklerini öğrenmiş, dostluk, saygı ve güven geliştirmiş ve birbirleri için mevcut bulunan önyargıları ve kalıplaşmış düşünceleri ortadan kaldırmaya katkı sağlamıştır. Etnikler arası arkadaşlık hususu okul dışında, günlük hayatlarında, ortak kutlamalarda, doğum günü törenlerinde, dini bayramlarda ve amatör spor müsabakaları gibi diğer birçok faaliyette meydana geldiği açık bir şekilde görülmüştür.



Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education